ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ЗАВРШЕН ИСПИТ

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**ЗАВРШЕН ИСПИТ**
**ВО СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Испитната програма по **македонски јазик и литература** за завршен испит во средното стручно образование е донесена со решение на министерот за образование и наука бр. 07-1720/81 од 04.03.2009 година.

# 1. ВОВЕД

Македонски јазик и литература е предмет во средното стручно образование кој се изучува во сите четири наставни години. Основната задача на овој наставен предмет е да ги оспособи учениците за писмена и усна комуникација и правилна употреба на стандардниот јазик. Учениците преку овој предмет се оспособуваат и за аналитичко и критичко читање на литературните дела.

Според концепцијата за средно стручно образование, основна цел на завршниот испит по македонски јазик и литература е:

- подигање на квалитетот на средно образование;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми по македонски јазик и литература (засновани на образовните стандарди на државно ниво);
- стекнување сертификат за завршено средно стручно образование (заокружување на образованието со испит);
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени преку валидни и веродостојни мерења.

Согласно Концепцијата, предметот македонски јазик и литература спаѓа во задолжителните предмети и е дел од завршниот испит.

### Намена, основа и содржина на испитната програма

Испитната програма е документ кој е наменет за учениците од средното стручно образование во Република Македонија. Основна намена на овој документ е да ги информира учениците за содржината и начинот на спроведувањето на училишниот завршен испит по македонски јазик и литература. *Завршниот испит е наменет за учениците од средното стручно образование кои не се определиле за државна матура. Целта на овој испит е добивање документ за завршено средно стручно образование.*

Испитната програма се темели на наставните програми од сите четири години. Програмските подрачја **ЈАЗИК** и **ЛИТЕРАТУРА** од сите 4 години ќе се проверат преку способностите ***говорење, читање, книжевна анализа (примена и вреднување со литературно теоретски поими на познати и непознати дела) и пишување.***

Испитната програма ги содржи следните компоненти:

- Цел на испитот
- Содржина на испитот
- Спецификација на подрачјата и способностите
- Конкретизација на целите
- Опис на испитот
- Критериуми на оценување.

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Завршниот испит по предметот македонски јазик и литература ќе значи заокружување (завршна оценка) на знаењата и способностите што учениците треба да ги имаат на крајот од четиригодишниот образовен процес и добивање сертификат за завршено средно стручно образование.

Учениците треба да бидат оспособени за:

- самостојно конципирање и реализирање на усно и писмено изразување;
- примена на правописните и правоговорните правила на стандардниот македонски јазик;
- критичко и креативно интерпретирање на литературни дела;
- критичко читање текстови.

# 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

## 3.1. ЈАЗИК

Цели:
- примена на јазичните норми на стандардниот јазик во писмена и усна комуникација.

Ученикот треба:
- да ги применува правописните и правоговорните правила;
- самостојно и правилно да формулира исказ.

## СОДРЖИНИ

| |
|---|
| **1. НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**<br>- Национален - дијалектен - стандарден јазик |
| **2. ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК**<br>- Почетоците на словенската писменост - Кирил и Методиј<br>- Погледите на К. П. Мисирков за македонскиот јазик - „За македонцките работи”<br>- Улогата на Б. Конески во кодификација на македонскиот литературен (стандарден) јазик |
| **3. ФОНЕТИКА И ФОНОЛОГИЈА**<br>- Гласовни промени. Едначење по звучност |
| **4. АКЦЕНТ**<br>- Акцентот во македонскиот литературен (стандарден) јазик<br>- Акцентски целости |
| **5. ПРАВОПИС**<br>- Употреба на голема буква<br>- Слеано и разделено пишување на зборовите<br>- Делење на зборот на крајот од редот<br>- Скратеници и скратување на зборовите<br>- Интерпункција-правописни знаци<br>- Интерпункциски знаци(, .; ? !: ( ) -) |

| |
|---|
| **6. МОРФОЛОГИЈА И МОРФОСИНТАКСА**<br>- Зборовни групи<br>• Од морфолошки, лексичко-семантички и синтаксички пристап<br>• Функцијата на зборовите во исказ |
| **7. ЛЕКСИКОЛОГИЈА**<br>- Основни типови лексички значења на зборовите |
| **8. СИНТАКСА**<br>- Реченица (проста; сложена)<br>• Редот на дел-речениците во исказот |
| **9. ФРАЗЕОЛОГИЈА**<br>- Фразеологизми |
| **10. ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА**<br>- Значењето на дијалектниот јазик во функција на стандардниот македонскиот јазик |

## 3.2. ЛИТЕРАТУРА

Цели:
- примена на знаењата за белезите и претставниците на националната и светската литература;
- критичко и креативно интерпретирање и коментирање литературни дела.

Ученикот треба:
- аналитичко - творечки и критички да пристапува кон литературното дело;
- да го определи контекстот на литературното дело (простор, време, жанр).

## СОДРЖИНИ

| | |
|---|---|
| **1. НАУКА ЗА ЛИТЕРАТУРАТА**<br>- Поделба на науката за литературата | |
| **2. ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА**<br>- Фолклор / мит Лирика<br>- Народна литература<br>- Драма (стих: проза)<br>- Епика (стих: проза)<br>- Лирика<br>- Стилски изразни средства<br>- Литературно-научни видови и публицистика | - епитет , компарација , словенска антитеза , реторско прашање . |
| **3. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**<br>- Средновековна литература<br>- Климент Охридски | - „Панонски легенди”<br>- „Похвално слово” |
| - Кирил Пејчиновиќ | - „Слово за празниците” |
| - Константин Миладинов<br>- Григор Прличев<br>- Војдан Поп Георгиев Чернодрински | - Литературна дејност<br>- „Сердарот”<br>- „Македонска крвава свадба” |
| - Кочо Рацин<br>- Горѓи Абаџиев<br>- Петре М. Андреевски<br>- Блаже Конески<br>- Ацо Шопов | - „Бели мугри”<br>- „Пустина”<br>- „Пиреј”<br>- Избор<br>- Избор |

| | |
|---|---|
| - Коле Чашуле<br>- Горан Стефановски<br>- Ташко Георгиевски<br>- Гане Тодоровски | - „Црнила”<br>- „Диво месо”<br>- „Црно семе”<br>- Избор |
| **4. СВЕТСКА ЛИТЕРАТУРА**<br>- Хомер<br>- Данте Алигери<br>- Џорџ Гордон Бајрон<br>- Александар С. Пушкин<br>- Оноре де Балзак<br>- Шарл Бодлер<br>- Едгар Алан По<br>- Алберт Ками<br>- А. П. Чехов | - „Илијада” (Разделбата мегу Хектор и Андромаха)<br>- „Божествена комедија” (Воведна песна)<br>- „Странствувањето на Чајлд Харолд”<br>- „Евгениј Онегин”<br>- „Чичко Горио”<br>- „Цвеќињата на злото”<br>- „Гарванот”<br>- „Странец”<br>- „Избор раскази” |

# 4. КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ, ЗНАЕЊАТА И СПОСОБНОСТИТЕ ПО ПОДРАЧЈА

## 4 1. ПИШУВАЊЕ

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да состави синтаксички правилен текст. | Синтаксички неправилен текст да го стави во правилна форма. |
| 2. Да оформи јазично правилен текст. | Да заврши корекција на јазични и интерпункциски грешки;<br>- да трансформира дијалектен текст. |
| 3. Да пишува текстови со практична намена. | Молба, писмо, пополнување формулар, оглас, соопштение, вест, пријава, биографија. |
| 4. . Да пишува различни форми на писмено изразување на однапред дадена тема користејќи како извор различни информации. | Екологија, филм, музика, дрога, негативно влијание на медиумите, настани од секојдневниот живот. |

## 4.2. ЧИТАЊЕ

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да го определи видот на текстот и истиот да го анализира. | - Извлекува дадени факти , размислување , аргументи<br>Дава мислење за прифатливост на некој аргумент |
| 2. Да ги определи ликовите, личностите главната мисла во текст. | Ги анимира ликовите и личностите и мислите во даден текст. |
| 3. Да ја воочи разликата меѓу реалноста и функцијата на текстот. | Ги открива и поврзува ликовите, проблемите и мотивите од текстот. |
| 4. Да ја разбира улогата и значењето на текстот во минатото и сега. | Проценува колку текстот е актуелен денес според настанот, јазикот и стилот. |

## 4.3. КНИЖЕВНА АНАЛИЗА

| ЦЕЛИ | ТЕМИ - ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да ги определи хронологијата на настани и типови. нарација во литературно дело | - Фабула, сиже, нарација (линеарно, паралелна и др.);<br>- Внатрешен монолог; дијалог. |
| 2. Да ја определи структурата и композицијата на литератирно дело. | - Строфа, стих, сонет, чинови, сцени, поглавја и др. |
| 3. Да определи времето и местото на настанот / настаните во литертурни дела. | - Настанот се случува во минатото, иднината и реално време на реални и измислени места. |
| 4. Да ги анализира ликовите и да ги одредува нивните функции во литературно дело. | - Атрибути на ликови<br>- Лик; Ликови |
| 5. Да ги определи темите и мотивите во даден литературен текст. | Теми и мотиви:<br>- љубов, традиција, идентитет, непрепознавање  и др. |

## 4.4. ГОВОРЕЊЕ

***Реализацијата на овој дел од испитот ќе започне откако ќе се создадат неопходните услови.***

| ЦЕЛИ | ТЕМИ- ПОЈАСНУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Ученикот да  направи самостојно организиран устен исказ на одредена тема. | Пример теми:<br>- „Во секое семејство постои генерациски јаз“<br>- „Што е за младите модерно облекување? “<br>- „Правата на човекот произлегуваат од неговите обврски“ |
| 2. Да интерпретира ставови и аргументи во различни ситуации. | - Ситуации  кога треба да се согласи со туѓи аргументи.<br>- Реагира во ситуациија зависно од улогата што ја добил. |
| 3. Самостојно да  коментира | - Театарска претстава - Концерти<br>- Спортски натпревар - Новинарски запис<br>- Состаноци - Литературно дело |
| 4. Да употребува соодветна артикулација и интонација во експресивен начин на говорење на конкретна тема | - Во спонтан говор<br>- Во подготвен говор<br>- Треба да употребува:<br>  - логичен акцент<br>  - гестикулација<br>  - паузи |

# 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

## 5.1. СТРУКТУРА НА ИСПИТОТ

Завршниот испит по македонски јазик и литература има 2 дела преку кои се оценуваат четирите способности. Издвоените способности процентуално имаат еднаква застапеност во процесот на оценување.

Способноста г**оворење** е интерен дел од испитот кој ќе се спроведува во училиштето според утврдени правила за реализација на испитот и начинот на оценување. Реализација на испитот треба да започне со почеток на IV наставна година. Наставникот ги планира термините и бројот на кандидатите кои ќе полагаат во текот на еден ден. Оценувањето на способноста **говорење** ќе се реализира со помош на утврдените критериуми.

***Реализацијата на овој дел од испитот ќе започне откако ќе се создадат неопходните услови***

**Читање** и **книжевна анализа** се интерен дел на испитот во кои способностите ќе имаат процентуално ист број бодови. Способностите **читање** и **книжевна анализа** се првиот дел од испитот и ќе бидат застапени со приближно ист број прашања во една текст книшка. Испитните прашања за овие способности ќе се оценуваат со користење на изготвен клуч на точни одговори.

**Пишување** е вториот интерен дел од испитот кои ќе се оценува според утврдени критериуми.

Интерен дел: Говорење.

Интерен дел: Читање; Книжевна анализа; Пишување.

Завршниот матурски испит се состои од тест книшка со испитни задачи од трите наведени способности.

## 5.2. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ИСПИТОТ

**Интерен дел:** ***Реализацијата на овој дел од испитот ќе започне откако ќе се создадат неопходните услови***
Говорење: - време за подготовка - 15 минути
- ученикот говори - 7

**Интерен дел:** тест книшка - 180 минути

## 5.3. ВИДОВИ ИСПИТНИ ЗАДАЧИ

Матурскиот испит по предметот македонски јазик и литература ќе содржи испитни задачи:

- од отворен тип;
- со повеќе кратен избор;
- со дополнување;
- со подвлекување;
- есејски вид (пишани текстови со определен број зборови).

## 6. СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ПОДРАЧЈАТА (СОДРЖИНИТЕ) И СПОСОБНОСТИТЕ

| **Програмски содржини** | **Способност 1** | **Способност 2** | **Способност 3** | **Способност 4** | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Говорење | Читање | Пишување | Книжевна анализа (примена и вреднување на литературно-теоретски поими) | |
| ЈАЗИК 50% | 20% | 5 % | 20 % | 5 % | **50%** |
| ЛИТЕРАТУРА 50% | 5 % | 15 % | 10% | 20% | **50%** |
| **Вкупно:** | **25%** | **20%** | **30%** | **25 %** | **100%** |

## 7. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број бодови што можат да се освојат на испитот е 100.

Точниот одговор на задачите со повеќечлен избор (во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени) се оценува со 1 бод.

Точниот одговор во задачите на кои се бара директен кус одговор (со еден или неколку зборови), исто така се оценува со 1 бод.

Задачите на кои се бара да се покаже како се решава некоја задача (проблемска ситуација), да се дискутира, образложи или вреднува некое решение или став се оценуваат така што одделно се оценува точното решавање во секоја фаза од одговарањето на барањата на задачата. Зависно од бројот на барањата овие задачи се оценуваат со 2 или 3 бода.

Ваквата распределба на бодовите е присутен во екстерно изготвени критериуми дадени во оваа испитна програма кои ќе се употребуваат за вреднување на есејски вид задачи.

Оценувањето ќе го вршат наставниците со употреба на однапред изготвено упатство за оценување на тест задачите за способностите **читање и книжевна анализа** и критериумите за задачите од способноста ***пишување*** дадени во оваа испитна програма.. Вреднувањето на способноста **говорење** ќе се врши според надворешно изготвени критериуми и го реализираат интерно, наставниците во училиштето. ***Реализацијата на овој дел од испитот ќе започне откако ќе се создадат неопходните услови***

## Способности кои се оценуваат

Завршниот испит по македонски јазик и литература ќе ги оценува оспособеностите на учениците во г**оворење, читање, литература и пишување.**

**ГОВОРЕЊЕ**

Главна цел на г**оворењето** е да ги оспособи учениците да бидат подготвени да реализираат организирана усна презентација на различни теми во различни ситуации.

**Форма на полагање*;*** устен дел од завршниот испит.

**Начин на реализација:** интерен.

**Форми на усно изразување:***(раскажување); **куси монолози** (дискусија, коментар, извештај); **разговори или дијалози (**службени разговори, разговор на дадена тема); **посебни говорни видови** (поздравен говор).*

***Реализацијата на овој дел од испитот ќе започне откако ќе се создадат неопходните услови***

**ПИШУВАЊЕ**

Главна цел на способноста Пишување е да ги оспособи учениците да можат писмено да се изразат на различни теми, во различни форми во секое време; да прават концепт; да водат белешки.

**Форма на полагање:** писмен дел од завршниот испит.

**Начин на реализација:** интерен.

**ЧИТАЊЕ**

Главна цел на способоста **читање** е да ги оспособи учениците аналитички и синтетички да ги читаат зададените текстови или дела; да прават разлика кога читаат: за лични потреби (упатства, писма, биографии); за јавна употреба (правилници, закони); за образовни потреби (учебници, лексикони, енциклопедии, речници и др. ).

**Форма на полагање**: *писмен дел од завршниот испит.*

**Начин на реализација**: интерен.

**КНИЖЕВНА АНАЛИЗА**

Главна цел на способноста **книжевна анализа** е да ги оспособи учениците самостојно да организираат интерпретација на дело; да споредуваат дела од различни национални литератури; да извлечат белези на одреден книжевен правец и др.

**Форма на полагање**: *писмен дел одзавршниот испит.*

**Начин на реализација**: интерен.

## Критериуми за оценување на способноста *Пишување*

- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку содржината на текстовите не соодвествува на зададената тема.**
- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку напишаниот текст за практична намена не ја задоволува бараната форма.**
- **Кандидатот го губи правото да биде оценуван според предвидените критериуми за способноста пишување доколку во напишаниот текст има повеќе или помалку зборови од предвидениот број на зборови дадени во Упатството за оценување за конкретната испитна година.**

| **Критериуми за оценување** | **Индикатори за критериумите** | **Задача на оценувачот** |
|---|---|---|
| **1. Јазик**<br>**- вкупно 4 бода**<br><br>**правопис - 1**<br>**интерпункција - 1**<br>**синтакса - 1**<br>**лексика - 1** | **1. Правопис:**<br>- употреба на мала и голема буква;<br>- слеано и разделно пишување на зборовите;<br>- пренесување на зборовите;<br><br>**2. Интерпункција**<br>- правилна употреба на интерпункциски знаци<br><br>**3. Синтакса**<br>- правилна синтаксичка композиција на реченицата и нејзина функционална употреба<br><br>**4. Лексика**<br>- богата лексика и соодветен јазичен стил | **Оценувачот треба внимателно:**<br>- да ги открие и класифицира грешките во текстот според даденото појаснување<br>- да ја одреди тежината и повторливоста на грешките (повторливост - постојано се повторуваат исти грешки пр: идеа наместо идеја); повторената грешка се брои еднаш<br><br>- да ја процени правилната синтаксичка композиција на реченицата (правилен реченичен зборед; употреба на соодветни сврзници; правилен реченичен ред на дел -реченица во сложени реченици)<br><br>- богата лексика означува: употреба на различни зборови, фрази, интернационализми и нивна соодветна употреба |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Композиција на текст - вкупно 4 бода** | **Во текстот јасно се издвојуваат:**<br>- вовед<br>- главен дел<br>- заклучок **2 поени**<br>- параграфско средување со сврзувачки реченици **1 поен**<br>- почитување на границата на предвидениот број на зборови **1 поен** | **Оценувачот треба внимателно:**<br>**-** да ја утврди присутноста на трите дела на композицијата;<br>- да ја оцени поврзаноста и следственоста на деловите<br>- да го оцени параграфското средување на текстот со процена за присуството на сврзувачките реченици;<br>- да утврди дали е употребен дозволениот број зборови. |
| **3. Содржина - вкупно 5 бода** | **Во текстот се чита:**<br>- развој на темата со идеи, аргументи, факти **2 поени**<br>- јасно искажани, поврзани и критички мисли за темата **1 поен**<br>- целосно разбирање на темата со создавање на текст кој соодвествува на поставените барања **2 поени** | **Оценувачот треба внимателно:**<br>**-** да го оцени разбирањето на темата и нејзиниот развој во текстот.<br>- да ја оцени содржината на деловите од композицијата;<br>- да ги оцени презентираните факти, идеи, прашањата и одговорите во дадениот текст |